# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |
| Одговорно лице и контакт информации: | Никола Прокопенко<br>nprokopenko@mjustice.gov.mk<br><br>Берат Мехмеди<br>bmehmedi@mjustice.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐ |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐ Друго/ Стратегија за реформа на правосудниот сектор |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | Не |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | ноември 2018 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | ноември 2018 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Декември 2018 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Законот за Советот на јавни обвинители на Република Македонија е донесен во 2007 година и досега има претрпено едни измени и дополнувања во 2011 година. Со овој закон се уредуваат надлежноста, составот и структурата на Советот на јавните обвинители на Република Македонија, мандатот на неговите членови, основите и постапката за престанок и разрешување на член на Советот, како и основите и постапката за избор и престанок и разрешување на јавните обвинители и други прашања во врска со работата на Советот. Советот е самостоен орган кој ја обезбедува и гарантира самостојноста на јавните обвинители во извршување на нивната функција.

Советот е составен од 11 члена, од кои:

- по функција член на Советот е јавниот обвинител на Република Македонија,
- еден член на Советот избираат јавните обвинители во Јавното обвинителство на Република Македонија, од своите редови,
- по еден член на Советот избираат јавните обвинители од подрачјата на вишите јавни обвинителства Битола, Гостивар, Скопје и Штип, од своите редови,
- еден член на Советот припадник на заедница која не е мнозинство во Република Македонија, го избираат сите јавни обвинители во Република Македонија, од своите редови и
- четворица членови на Советот ги избира Собранието на Република Македонија од редот на универзитетски професори по право, адвокати и други истакнати правници, од кои двајца се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Мандатот на избраните членови на Советот трае четири години со право на уште еден избор.

Законот ги пропишува надлежностите на Советот тоа:

- дава мислење на Владата на Република Македонија по предлогот за именување и разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија,
- ги избира и разрешува јавните обвинители,
- утврдува престанок на функцијата јавен обвинител и одлучува во втор степен во постапка за утврдување на дисциплинската одговорност на јавните обвинители,
- одлучува за утврдување на нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител,
- ја следи работата на јавните обвинители врз основа на оцената за нивната работа согласно со Законот за јавното обвинителство,
- одлучува за привремено оддалечување од функцијата јавен обвинител,
- постапува по претставки и поплаки на граѓани и правни лица за работата на јавните обвинители,
- го определува бројот на јавните обвинители во јавните обвинителства со одлука,
- до крајот на февруари во тековната година, со одлука го утврдува бројот на слободните јавнообвинителски места во основните јавни обвинителства за наредните две години и одлуката да ја доставува до Академијата за обука на судии и обвинители,
- ги разгледува и оценува годишните извештаи на јавните обвинителства,
- донесува Деловник за работа,
- донесува решение за мирување на функцијата јавен обвинител,

- издава и да одзема службени легитимации на јавните обвинители,
- води персонален лист за јавните обвинители,
- поднесува извештај за својата работа,
- дава мислења по закони од областа на делокругот на работата на Советот,
- дава мислења по програмите на Академијата за обука на судии и јавни обвинители,
- објави оглас и спроведува постапка за избор на јавен обвинител за времено упатување во друго јавно обвинителство и
- врши и други работи утврдени со закон.

*1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за функционирањето на Советот на јавни обвинители на Република Македонија дадени се следниве констатации:

„Советот на јавни обвинители е пасивен и невлијателен чинител во креирањето и развојот на сите релевантни политики за дејноста на јавното обвинителство. Неговата улога е сосема незабележителна и кај обезбедувањето на принципот на функционална независност на обвинителите од нивните претпоставени во хиерархијата. Сето ова ја потенцира потребата од зголемување и јакнење на улогата на Советот на јавни обвинители во процесот на планирање и подготвување на соодветни законски решенија од областа на кривичната постапка, казнената политика и најважно од си, кај спроведувањето на обвинителската слобода на одлучување.

Капацитетите за административна поддршка на Советот на ЈО треба значително да се развијат за да може да постои сигурност дека Совеот на ЈО ќе може да ја извршува својата проширена улога за стратешкото планирање, пристапот до професијата и развојот на кариерата, етичките и дисциплинските прашања, буџетските прашања и комуникацијата и односите со јавноста.

Недостигот од капацитети за стратешко планирање е исто така поврзан со недоразвиените капацитети за истражување и анализа на административните служби кои што имаат задача да обезбедуваат компаративен преглед и анализи за формулирање на законодавните измени во име на ЈО.

Изборот на обвинители во основните јавни обвинителства, кој го врши Советот на ЈО, е пропишан релативно детално, но критериумите и постапките за именување во повисоките јавни обвинителства се недоволно уредени.

Со постојните правила се обезбедува „вертикално“ напредување во повисоко обвинителство, но не и „хоризонтално“ распоредување во рамките на истото обвинителство во согласност со со областа на специјализација.

Советот на ЈО со Правилник го уредува надзорот над работата и постапувањето на ЈО, но кај него нема активна улога. Надзорот, непосредно, го врши повисокиот јавен обвинител. Потребно е предвидување на поактивна улога на Советот на ЈО при вршење

на надзорот со негово редовно известување како и со давање на можност Советот на ЈО да покренува иницијатива за вршење на надзор.

Надлежноста и постапката на Советот на ЈО за начинот на постапување по претставките од јавноста против конкретен обвинител не се прецизно уредени со закон. Исто така не постои можност член на Советот на ЈО по сопствена иницијатива да покрене дисциплинска постаспка против јавен обвинител.

Транспарентноста на Советот на јавни обвинители е на незадоволително ниво, имајки предвид дека интернет-страницата не се ажурира редовно. Ограничено е присуството на новинарите и граѓанскиот сектор на седниците, поради што неопходно е да бидат уредени јасни процедури во делот на јавноста во работењето преку јавно објавување и образложување на сите одлуки кои ги носи Советот особено за избор, унапредување, оценување, дисциплинска одговорност, разрешување, анализи, заклучоци, извештаи и соопштенија за сите активности на Советот на веб-порталот."

## 2. Цели на предлог регулативата

Главна цел на донесувањето на овој закон е со него да се зајакне професионалноста, но и одговорноста на членовите на Советот на јавни обвинители на Република Македонија.

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо"*

Доколку не се донесе предложениот Закон, нема да се надминат досегашните практични проблеми во примената на Законот.

### *3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Најсоодветно решение заради надминување на наведените слабости е да се донесе предложениот закон.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

### *4.1 Економски влијанија*

### *4.2 Фискални влијанија*

*Законот нема да предизвика дополнителни фискални импликации.*

### *4.3 Социјални влијанија*

### *4.4 Влијанија врз животната средина*

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

*б)трошоци за почитување на регулативата*

## 5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Предлогот на законот е изготвуван од јавни обвинители, и претставници од Советот на јавни обвинители на Република Македонија.

Предлогот на Законот е доставен на мислење до Советот на јавни обвинители на Република Македонија, Јавното обвинителство на Република Македонија, Советот на јавни обвинители на Република Македонија.Вишите јавни обвинителства, Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и админитрација, Секретаријатот за Европски прашања и Секретаријатот за законодавство.

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

Вградените решенија содржани во законот се базирани врз лоцираните слабости во досегашнот фнкционирање на Советот на јавни обвинители на Република Македонија.

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Предлогот на законот содржи 20 члена. Клучните новини се однесуваат на зајакнувањето на условите за избор на членовите на Советот. Исто така, значајни се и одредбите со кои се пропишува одговорност на членовите на Советот и постапка во која таа се остварува.

Значајни се и одредбите со кои се уредува материјата за јавноста во работата на Советот.

Покрај ови суштински измени, во законот се предлага финаниска самостојност во финансирањето на Советот.

Исто така, на Советот му се даваат две нови надлежности и тоа:

- член на Советот може да поднесе иницијатива за утврдување дисциплинска одговорност на јавен обвинител, до овластените подносители на предлог за утврдување дисциплинска одговорност,

- да одлучува по поднесено барање за гласање за недоверба на член на Советот, во вршење на неговата функција.

Со одредбите на овој закон надлежноста за водењето на именикот на јавните обвинтели од Министерството за правда преминува во надлежност на Советот.

Со цел да се спречат можни злоупотреби и влијанија во работата на Советот, се вградува одредба согласно која член на Советот за време на траењето на мандатот не може да се пријави на оглас за избор на јавен обвинител во јавно обвинителство или за јавен обвинител на јавно обвинителство.

7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

Овој закон е тесно поврзан со Законот за јавното обвинителство и Законот за специјалното јавно обвинителство кои се во фаза на изготвување.

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Советот на јавни обвинители на Република Македонија.

.

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

Организирање обуки спроведувани од Академијата за судии и јавни обвинители.

8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Следењето на примената на законот ќе врши преку анализа на работата на Советот и особено преку анализирање на податоците на неговата работа и Извештаите за работата на Советот.

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Ефектите од донесувањето на законот ќе бидат континуирано следени низ призмата на квалитетот на избраните обвинители, постапките за дисциплинска одговорност за јавните обвинители и спроведувањето на другите законски надлежности на Советот.

## Изјава од министерот

Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.

Датум: 03. 12. 2018
..............................................................................

Министер за правда,
д-р Рената Дескоска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА СКОПЈЕ